| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Со три бои будно стои |
| **Содржина на денот** | Боите на семафорот |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Вера Јовановска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор и потсетување за безбедносните мерки за зачувување на здравјето(физичко растојание, често миење на раце итн). |
| **Активности** | Еве една интересна и едноставна игра за Вашето дете преку која полесно ќе се запознае со улогата и значењето на семафорот.<br><br>Потребни материјали: самолеплива хартија или колаж, лист од блок или картонска подлога и лепак. Нацртајте контура од семафор на хартијата. Исечете по еден круг од црвената, жолтата и зелената самолеплива хартија или колажот. Поттикнете го детето да ги залепи со Ваша помош овие кругови во боја по редоследот на светлата од семафорот (црвена, жолта и зелена). Додека ги лепите круговите во боја на семафорот потсетете го детето за нивното значење и улога. Овозможете му на детето да се радува за успешно завршената работа и дека и тоа е дел од оваа игра. |